MCS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-3498/1*
*03.06.2022 година*
*Ш т и п*

Согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл.весник на РСМ бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување на службеник за млади**

1. Иван Коцев вработен во Општина Штип и распореден на работно место со звање - Самостоен референт за одржување на јавно осветлување се назначува за службеник за млади.
2. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:
- развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики;
- поддршка на работата на локалната самоуправа, локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност;
- одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите;
- следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите;
- обезбедување информации и информирање на младите;
- водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;
- редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт;
- да биде контакт за сите младински прашања на локалната самоуправа кон младите и јавноста; и
- службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.

3. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението број 09-2421/1 од 28.04.2021 година.
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП * ШТИП

*Доставено до:*
- *Архива*
- *Именуваниот*
- *Поранешниот службеник за млади*
- *Одделение за поддршка на Советот*